# ABUSE OF PROCEDURAL RIGHTS IN CIVIL LITIGATION

**Robert Dauti**
Faculty of Law, University St. Cyril and Methodius, Skopje, North Macedonia, robertdauti@outlook.com
**Anita Dauti**
Ministry of Finance, North Macedonia, anitadauti7@gmail.com

**Abstract:** The abuse of procedural rights in civil litigation is a common denominator of all modern legal systems which leads to antisocial undermining of the legal order in its entirety, creating a state of denial of its legal protection function. Due to the social function of the litigation procedure, exercising the content of subjective rights and authorizations, the holder of the right should perform bona fide in accordance with legally projected goals and interests. The relation of loyal cooperation between the court and the parties relies on the freedom to exercise procedural rights within the limits that do not violate the rights of others, arising from the old maxim *alterum non laedere.* Considering that litigation is not an ordinary mechanical process but a complexity of actions, related in a temporal, causal whole, the impact of the human factor is not insignificant at all. The affirmation of the exclusively dispositive character of the litigation procedure creates numerous headaches in the court practice, although every participant in the procedure is expected to do the opposite - to be responsible for their own procedural action. Creative potential of the parties in the procedure of the constitutionally guaranteed right to legal protection turns into various forms of abuse which as a phenomenon has always existed in the system of law enforcement. However, the abuse of procedural rights as an impermissible activity, regardless of the success of the case, carries with it responsibility for the parties in the form of: reimbursement of the costs of the procedure, fine and compensation. Measures to prevent and sanction procedural abuses are a procedural instrument for ensuring legal and effective legal protection and at the same time strengthening the procedural discipline. The subject of interest of this paper is the wide range of "legally permissible" procedural actions that the parties in the litigation procedure undertake very refined and have as a consequence abuse of procedural rights. Procedural activities that seem correct in a given situation can easily turn into a classic abuse. That is why an indispensable segment of consideration the procedural instrumentation of measures that enable the court through the process of management of the procedure to reduce the procedural abuse to the limits that are socially acceptable. Using the method of qualitative analysis, the aim of the author is to point out the essential questions that are relevant to the stated issues. This especially refers to the forms of abuse of procedural rights that are most often visible in the case law of the Macedonian courts and the functionality of the system of preventive and repressive measures for their sanctioning in accordance with the current legal solutions in domestic procedural and comparative law.
**Keywords:** conscientiousness, procedural abuses, case law, prevention, repressive measures

# ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ПРОЦЕСНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

**Роберт Даути**
Правен факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје, Северна Македонија
robertdauti@outlook.com
**Анита Даути**
Министерство за финансии, Северна Македонија, anitadauti7@gmail.com

**Резиме:** Злоупотребата на процесните овластувања во парничната постапка претставува заеднички именител на сите современи правни системи кој доведува до асоцијално поткопување на правниот поредок во неговата целост, создавајќи состојба на негирање на неговата правнозаштитна функција. Поради општествената функција на парничната постапка вршењето на содржината на субјективните права и овластувања титуларот на правото треба да го врши bona fide во склад со законски проектираните цели и интереси. Односот на лојална соработка меѓу судот и странките се потпира врз слободата на вршење на процесните права во границите со кои не се повредуваат правата на другите, произлезено од старата максима *alterum non laedere*. Имајќи предвид дека парничната постака не е обичен механички процес туку комплексност од дејствија, поврзани во временска, каузална целина, влијанието на човечкиот фактор воопшто не е без значење. Афирмирањето на исклучиво диспозитивниот карактер на парничната постапка создава многубројни главоболки во судската практика, иако од секој учесник во постапката се очекува

спротивното- да биде одговорен за своето процесно дејствување. Креативниот потенцијал на странките во постапката од уставно загарантираното право на правна заштита преминува во различни начини на злоупотреба која како појава отсекогаш егзистира во системот на спроведување на правото. Меѓутоа, злоупотребата на процесните овластувања како недопуштена активност, независно од успехот на предметот на спорот, провлекува со себе одговорност на странките во форма на: надомест на трошоците на постапката, парично казнување и надомест на штета. Мерките за спречување и санкционирање на процесните злоупотреби се процесен инструмент за обезбедување на законита и ефикасна правна заштита и истовремено засилување на процесната дисциплина. Предмет на интерес на овој труд е широкиот спектар на „правно дозволените" процесни дејствија кои странките во парничната постапка ги превземаат мошне рафинирано, а имаат за последица злоупотреба на процесните овластувања. Процесните активности кои навидум изгледаат коректни во дадена ситуација можат да лесно да преминат во класична злоупотреба. Токму затоа неизоставен сегмент на разгледување е и процесниот инструментариум мерки кои му овозможуваат на судот низ процесот на управување со постапката да ја сведе процесната злоупотреба во границите кои се општествено прифатливи. Користејќи го методот на квалитативна анализа целта на авторот е да ги предочи суштинските прашања кои се од значење за наведената проблематика. Тоа посебно се однесува на формите на злоупотреба на процесните овластувања кои се најчесто видливи во судската практика на македонските судови и функционалноста на системот на превентивни и репресивни мерки за нивно санкционирање во склад со актуелните законските решенија во домашното процесно и компаративното право.

**Клучни зборови:** совесност, процесни злоупотреби, судска практика, превенција, репресивни мерки

## 1. ОПШТО ЗА НАЧЕЛОТО НА СОВЕСНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРОЦЕСНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

Совесното користење на процесните овластувања и забраната за нивна злоупотреба претставуваат основни комплементарни принципи во граѓанските постапки утврдени во член 9 од Законот за парнична постапка на РМ (скратено:ЗПП). Содржана во поимниот инструментариум на паричната постапка, целта која што треба да ја постигне совесноста е да овозможи остварување на правото на правна заштита, правото на правично судење и ефикасно делење на правдата, а со тоа супрематија на идејата за владеење на правото. Во таа смисла, странките и замешувачите се должни да ја зборуваат вистината пред судот и совесно да ги користат правата од овој закон, а судот има обврска да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.[49] Со други зборови, должноста за совесно парничење постои како спрема противникот, така и спрема судот. Секое остварување или вршење на правата спротивно на ова правно начело во својата основа означува една злоупотреба. Иницијално, идејата за совесност и забрана за злоупотреба на правата на теренот на граѓанското процесно право за првпат во поновата правна доктрина се конкретизира во австрискиот процесен законик Zivilprozessordnung од 1985 година во форма на повеќе законски одредби: *„Ако судот утврди дека странката која е победена во парницата ја водела самата парница од обест, на барање на спротивната страна, може да и наложи на победената страна да плати надомест на штета кој одговара на околностите. Расправата за овој предлог не го запира одлучувањето за главната работа".*[50]

Апсолутно свесни за нестабилноста на човековата природа, за која уште Хобс во својата позната мисла ќе истакне дека „човек на човека му е волк", барањето странките совесно да ги користат законски дадените овластувања е пред се од етички карактер, присутно во свеста на секој процесен субјект кој треба да биде доволно дисциплиниран за да го исполни. Обезбедувањето на дисциплината не може да се препушти само на наоѓањето на странките. Судското управување со постапката е основно и најефикасно средство за спречување на злоупотребата на процесните овластувања, покрај вештината на законодавецот како креатор. Активната улога на судот во својство на процесен раководител на парницата оневозможува странките да ги злоупотребат процесните овластувања. Судијата како директен применувач на процесните правила настојува процесната злоупотреба да ја сведе во границите на општествената прифатливост. За таа цел, тој треба да ги подложи на тест на проверка намерите на странките при преземањето на одделни процесни

---

[49] Види член 9 и 10, ст.1 од ЗПП, *Службен весник на РМ*, бр. 79/05; 110/08; 83/09; 116/10; 124/15.

[50] Камиловска, З. Т. (2008). Начело на совесно користење на процесните овластувања во парничната постапка, *Зборник на трудови во чест на проф.д-р Стефан Георгиевски,* Правен Факултет "Јустинијан Први", Скопје, стр. 163

дејствија и воопшто за водење на парницата, потпирајќи се на своето правно знаење, животно искуство и познавањето на судската психологија.[51]

Судската практика создава и препознава многубројни примери и обрасци на процесно однесување кои претставуваат класична процесна злоупотреба што отвара простор секој совесен судија да може да ги примени законските овластувања со тактичност, вештина и изразен сензибилитет. Оценката за тоа кое однесување ќе се квалификува како абузивно зависи во секој случај посебно, бидејќи не постои можност за позитивна енумерациија на сите ситуации во кои законодавецот може а priori да ги предвиди различните видови на несовесно парничење. Затоа, тој употребува правен стандард. Совесното користење на процесните овластувања како таков, му овозможува на судот in concreto да определи кое однесување ќе го смета за совесно, а кое за несовесно. Во процесната теорија се утврдени критериуми врз основа на кои се препознаваат несовесните, односно допуштените дејствија. Така, несовесни се сите процесни дејства што се преземаат од шиканозни причини (од злоба, пакост, заради вознемирување), процесните дејствија кои немаат оправдан правен интерес или постои несразмер помеѓу интересот што се остварува од преземањето на определено дејствие во споредба со интересот што се повредува. Во некои ситуации дури и правичноста може да биде критериум за класификација на некое однесување како несовесно.[52]

## 2. ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ПРОЦЕСНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ВО ПРАКТИКАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ СУДОВИ. КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА

Сведоци сме на многубројни примери на злоупотреба на процесните овластувања во практиката на македонските судови кои негативно влијаат врз исходот и ефикасноста на постапката, неретко со мерливост од повеќе години и несразмерни трошоци со што директно се крши правото на судење во разумен рок. Оттука, сосема е оправдана недовербата на граѓаните во судската власт. Најчестите злоупотреби на процесните овластувања ги лоцираме во сферата на неоснованото одолговлекување на постапката. Интересот на процесните субјекти од нејзино бавно развивање се манифестира низ различни активни дејствија кои пркосат на целта поради која таквото дејствие се востановува и признава со закон. Па така, неретко во насока на одлагање на постапката ќе наидеме на необразложени и чести барања за изземање на судечките судии, непотребно мултициплирање на парничните дејствија, подоцнежно презентирање на нови факти и докази кои што странката можела да ги изнесе во поранешен стадиум од постапката, шиканозно користење на правни лекови и покрај немање на правен интерес и сл. Во судската практика од регионот се истакнуваат случаи на злоупотреба на процесните овластувањата и по повод признавање на тужбеното барање. Таков случај среќаваме во праксата на Високиот суд на Босна и Херцегоцина од 1988 година кој во конкретен спор по изјава за признавање на тужбено барање одлучил дека првостепениот суд ќе мора во повторената постапка да утврди дали тужениот признавајќи го тужбеното барање и во делот на затезната камата како споредно побарување се однесувал спротивно на принципите на моралот со намера да го спречи тужителот да го преиначи тужбеното барање во делот на каматата и на тој начин ги злоупотребил процесните овластувања. (Тужителот не би можел во посебна парница да ја побарува разликата на затезната камата преку досудената стапка.) Во овој случај доколку првостепениот суд утврди дека изјавата за признавање на тужбеното барање во делот на затезната камата е од таков карактер овластен е во тој дел да не го уважи располагањето на тужениот како спротивно на императивните прописи, туку да продолжи со постапката по преиначената тужба и донесе мериторна одлука.[53]

Друг познат начин на злоупотреба на процесните овластувања е секако и каприциозното парничење.[54] Во правната теорија, терминот каприциозно парничење се доведува во релација со праксата на иницирање парници преку тужбени барања за кои странката однапред има причина да знае дека има недостатоци што го прават самото користење на тужбата несовесно, а со цел на спротивната страна да и причини штета, или истото е залудно, со оглед на тоа дека она што таа го побарува со тужбата веќе е исполнето. Така пред

---

[51] Така, Георгиевски, С. (1995). Основни принципи за граѓанското процесно прво на Република Македонија, Скопје, стр. 86

[52] Опширно за овие критериуми повеќе кај: Dika, M., & Triva, S. (2004). *Građansko parnično procesno* pravo, Zagreb, str. 2-4.

[53] Salma, M. (2009). Zabrana zloupotrebe procesnih ovlašćenja, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, 2/2009,* Novi Sad, str.285-286

[54] Не треба да се подведуваат под каприциозно парничење тн. привидни (лажни) парници, кога тужителот се однесува како да бара заштита на своето повредено право, а во суштина сака да оствари некоја друга цел, Poznić, B., & Vodinelić, V. R. (1999), Građansko prosecno pravo, Beograd, str.145

судовите во Р. Србија како спорно прашање во врска со овој начин на злоупотреба се поставило следното: Дали поднесувањето на повеќе сукцесивни тужби за наплата на побарувања кои доспеваат на месечно ниво, (во време на поднесување на првата тужба и целокупното побарување), претставува злоупотреба на процесните овластувања од страна на тужителот од истиот правен однос и при иста фактичка состојба? Правниот заклучок е дека поднесувањето на повеќе тужби за различни периоди од страна на еден тужител против тужениот за враќање на стекнатото без основа за извршени комунални услуги, во ситуација кога сите побарувања доспеале во време на поднесување на првата тужба, претставуваат злоупотреба во смисла на одредбите на чл. 9 од ЗПП, бидејќи тужителот имал можност целокупното побарување од спорниот однос да го опфати со една тужба, а судот е должен да ја спречи злоупотребата на правата во текот на целата постапка.[55] Од друга страна, во common law системите наоѓаме ефикасен начин за спречување на каприциозните тужби во практиката со тоа што Американските федерални судови во Законот за судски такси предвидуваат казна и до 25.000 американски долари за тужби со кои очигледно се сака да се постигне одолговлекување на постапката.[56] Казните не мора да бидат адресирани директно до странките, тие може да се однесуваат и на нивните адвокати. Постојат тенденции ваквата практика да биде ограничена и за странки кои самите се застапуваат себеси, а исто така како одбрана на своите каприциозни тужби го наведуваат непознавањето на правото и на постапката. Дека овие прашања се од голема важност сведочи и фактот дека истите се прифатени и разработени од страна на ЕУ во препорака која се фокусира на унапредувањето на остварување на правдата. Оваа препорака содржи и сет на начела кои ги разработуваат поедините аспекти на водењето на граѓанската постапка, со тоа што во начелото бр.2 се предлага скратување на постапката и казнување на несовесната странка доколку е поднесена очигледно неоснована тужба, како и досуда на надомест на штета на спротивната странка, а во начелото бр.7 укажува на тоа дека треба да се преземат соодветни мерки во поглед на спречувањето на злоупотребата на правните лекови.[57]
Иако судот е тој што има законско овластување да ги спречи злоупотребите на странките преку претходно изграден механизам на санкции, во судската пракса се забележува напредок на несвојствен феномен кој пркоси на целите и функциите на судскиот апарат на правна заштита, ставајќи ги и дејствијата на судот под лупата за испитување на нивната коректност. Можеби помалку иронично, но се покажува дека и оној субјект кој по дефиниција е должен да го извршува правото онака како што е наложено, практикува своеволно однесување на штета на странките, притоа користејќи ги поволностите на процесните норми. Посебен дел во кој злоупотребата на овластувањата од страна на судот доаѓа во полн израз е при писмената изработка и доставување на мериторните одлуки. Во пракса, барем на македонските судови, се случува времетраењето на изработка на пресудата да се одолжи во период од дури 5 месеци во просек, а кога на овој рок ќе го додадеме и двомесечниот максимален период на достава, доаѓаме до одолговлекување на постапката во прв степен за цели 7 месеци. Иако во чл.326, ст.1 од ЗПП е пропишан законски рок за изработка на одлуката од 8 односно 15 дена во сложените предмети, реалното време кое е потребно за изработка на одлуките неколкукратно ги пробива наведените рокови.

## 3. ПОВРЕДА НА ЗАБРАНАТА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРОЦЕСНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА. СИСТЕМОТ НА ПРЕВЕНТИВНИ И РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЗПП

Не постои совршен систем на мерки за спречување и санкционирање на процесните злоупотреби. Системот на процесни мерки е конкретизиран низ бројни и различни законски одредби примарно во служба на целта- злоупотребата на правата во постапката да се сведе на едно разумно, прифатливо ниво. Превентивните мерки се насочени кон попречување непотребно одолжување на постапката преку примената наодделни процесни правила кои ставаат акцент на дисциплинирање на странките и подигнување на нивната свест од страна на судот во текот на управување на постапката .[58] Во зависност од начинот на кој е извршена злоупотребата, последиците се различни. Илустративно, судијата ќе дозволи одлагање на расправата само ако за тоа постојат оправдани причини, кога постои предлог за враќање во поранешна состојба судот ќе го

[55] Profi Sistem Com, Pravni portal, *Da li podnošenje više sukcesivnih tužbi za naplatu potraživanja predstavlja zloupotrebu procesnih prava od strane tužioca,* retrived from: https://www.pravniportal.com/da-li-podnosenje-vise-sukcesivnih-tuzbi-za-naplatu-potrazivanja-predstavlja-zloupotrebu-procesnih-prava-od-strane-tuzioca/
[56] Internal Revenue Code, section 7482.
[57] Препорака бр. Р (84) 5 на Комитетот на министри на земјите членки за начелата на граѓанската постапка за унапредување на остварувањето на правдата (усвоена од страна на Комитетот на министри на 28.02.1984)
[58] Јаневски, А., & Камиловска, З.Т. (2012). Граѓанско процесно право, *Книга прва*, Второ изменето и дополнето издание, Скопје, стр.121

отфрли истиот како неуреден доколку странката со доставувањето на предлогот не го поднесе доказот кој треба да се изведе и др. Но, и покрај сета совесност на судијата, сепак некои злоупотреби не можат да се спречат. Превентивните мерки никогаш неможат да бидат доволни и во целост успешни. Санкциите како репресивни средства се неопходен коректив. Самото санкционирање има две значења: ги задоволува барањата за странечка дисциплина in concerto, а од друга страна го чува авторитетот на судијата и судската власт. De lege lata, македонскиот процесен закон нуди релативно солиден инструментариум на репресивни мерки како средства за санкционирање на потешките облици на злоупотреба на процесните овластувања: а) надомест на парничните трошоци предизвикани како последица на одредена абузивна процесна активност, б) изрекување на парична казна како мерка на неспосредно пенализирање на „сторителот" на процесната злоупотреба и в) надомест на штета како мерка за ублажување на загубата која процесниот субјект ја претрпел како последица на злоупотребата.[59] Она на што се забележува е дека оваа листа е релативно дефицитарна во однос на средствата за превенција и како таква во пракса не се користи со доволен интензитет од чии резултати би се заклучило дека македонските судови водат ефикасна борба со злоупотребата на процесните овластувања. Неретко абузивните дејствија остануваат неоткриени.

Осудата за надоместување на трошоците на постапката предизвикани со злоупотреба на процесните овластувања по вина на странката се применува независно од успехот во парницата. Овој вид репресивни мерки се најчести во пракса, на пример кога при изземање на судија односно судија поротник, судот без одлагање одлучува за надоместок на трошоци на постапката кои на странката и се причинети со неоснованото барање за изземање. Од друга страна, мерките на парично казнување служат исклучиво за обезбедување на процесната дисциплина во интерес на несметано водење на постапката и се изрекуваат тогаш кога несомнено постои злоупотреба на процесните овластувања кои свесно ги превзел одреден учесник во постапката и кога на друг начин не може да се спречат штетните последици во однос на постапката или иститe веќе настапиле.[60] Македонскиот законодавец случаите кога првостепениот суд може да изрече парична казна од член 10 став 2 и 3 од ЗПП ги операционализира низ повеќе законски одредби: кога лицето овластено за достава нема да преземе дејствија на вршење на доставувањето на писменото или несовесно ќе го изврши доставувањето на писменото и со тоа ќе предизвика одолговлекување на постапката (чл.125, ст.5): кога сведокот што е уредно повикан не дојде, а изостанокот не го оправда или без одобрение или оправдана причина се оддалечи од местото каде што треба да биде сослушан, судот може да нареди присилно да се доведе и да ги поднесе трошоците за доведувањето, а може и да го казни со парична казна согласно со членот 10 став (2) од овој закон (чл. 233 ст.1); кога лицето кое учествува во постапката или лицето што како слушател присуствува на расправата го навредува судот или другите учесници во постапката, ја попречува работата или не им се покорува на наредбите од претседателот на советот за одржување на редот (член 304 став 1) и др. Што се однесува до надоместот на штета предизвикана со злоупотреба на процесните овластувања, македонскиот процесен закон има недостиг од експлицитни законски решенија. Само во еден мал сегмент од процесното постапување законодавецот со Новелата на ЗПП од 2010 година на јасен начин ја нормира можноста за надомест на штета и тоа кај несовесното доставување на писмената (чл.126, ст.5). За споредба, српскиот Закон за парнична постапка, изречно го нормира правото на надомест на штета поради злоупотреба на процесните овластувања: „*Ако поради злоупотреба на процесните овластувања на некоја од странките и се причини штета, судот на оштетената страна, на нејзино барање ќе и досуди надомест на штета. Кога странката ќе истакне барање за надомест на штета поради злоупотреба на процесните овластувања, судот од причини на целисходност ќе ја раздвои постапката.*"[61] Правото на надомест на штета како граѓанско субјективно право и се признава на секоја странка која претрпела штета поради несовесното однесување на противникот. Не е релевантно дали странката успеала или ја изгубила парницата. Поради фактот што македонскиот процесен закон не содржи конкретна одредба која го уредува прашањето за надомест на штета поради злоупотребата на процесните овластувањата се наметнува дилемата: Дали барањето за надомест на штета може да се води пред истата парница во која дошло до злоупотреба на процесните овластувања или само во посебна парница како главно барање со самостоен правен основ? Според авторите Triva и Dika ова барање може да се остварува во посебна парница доколку на оштетената странка не може да и биде надоместена штетата според правилата за надомест на паричните трошоци (Triva,S. & Dika,M. 205). Додека за авторите Poznić и Rakić-Vodinelić, недостатокот на изречни

[59] Ракочевић, В. М. (2017). Naknada štete zbog zloupotrebe procesnih ovlašćenja u parničnom postupku Republike Makedonije, *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, vol. 51, br. 1,* Skopje, str.207-208
[60] Привредни апелациони суд, 2010, Билтен судске праксе привредних судова, *1/2010*, Београд, стр.16
[61] Чл. 182, ст. 1 и 2, Закон о парничном поступку, *Службени Гласник РС*, бр. 72/11, 49/2013

одредби не треба да биде пречка за тужителот до заклучувањето на главната расправа да истакне оштетно барање, покрај барањето со кое го иницирал спорот и тоа по правилата за преиначување на тужба.[62] Во вакви услови кога ЗПП изречно не го признава правото на надоместок на штета и не пропишува начин за негово остварување се доаѓа до заклучок, кој на прв поглед е сосема оправдан, и со кој барањето за надомест на штета може да се остварува и во пендентната парница во која дошло до злоупотреба, најкасно до првото рочиште за главна расправа(со оглед на построгиот процесен режим во однос на објективното преиначување на тужбата и противтужба), а секако и со иницирање на посебна парница согласно правилата на општата парнична постапка.

**ЛИТЕРАТУРА**

Георгиевски, С. (1995). Основни принципи за граѓанското процесно прво на Република Македонија, Скопје, 86

Јаневски, А., & Камиловска, З.Т. (2012). Граѓанско процесно право, *Книга прва*, Второ изменето и дополнето издание, Скопје, 121

Камиловска, З. Т. (2008). Начело на совесно користење на процесните овластувања во парничната постапка, *Зборник на трудови во чест на проф.д-р Стефан Георгиевски,* Правен Факултет "Јустинијан Први", Скопје, 163

Привредни апелациони суд, 2010, Билтен судске праксе привредних судова, *1/2010*, Београд, 16

Ракочевић, В. М. (2017). Naknada štete zbog zloupotrebe procesnih ovlašćenja u parničnom postupku Republike Makedonije, *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, vol. 51, br. 1,* Skopje, 207-208

Dika, M., & Triva, S. (2004). *Građansko parnično procesno* pravo, Zagreb, 2-4

Poznić, B., & Vodinelić, V. R. (1999). Građansko prosecno pravo, Beograd, 145

Profi Sistem Com, Pravni portal, (n.d). *Da li podnošenje više sukcesivnih tužbi za naplatu potraživanja predstavlja zloupotrebu procesnih prava od strane tužioca*, retrieved from:https://www.pravniportal.com/da-li-podnosenje-vise-sukcesivnih-tuzbi-za-naplatu-potrazivanja-predstavlja-zloupotrebu-procesnih-prava-od-strane-tuzioca/

Salma, M. (2009). Zabrana zloupotrebe procesnih ovlašćenja, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, 2/2009*, Novi Sad, 285-286

Stanković, G. (2004). Represivni merki poradi zloupotreba na procesnite ovlastuvanja. u: Zbornik na trudovi od medunaroden simpozium Sovremenoto pravo, pravnata nauka i Justinijanovata kodifikacija, Skopje, 258

[62] Во таа насока и Stanković, G. (2004). Represivni merki poradi zloupotreba na procesnite ovlastuvanja. u: Zbornik na trudovi od medunaroden simpozium Sovremenoto pravo, pravnata nauka i Justinijanovata kodifikacija, Skopje, str. 258